**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 48 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.102/26 и 148/26) објавува:

# О Г Л А С
## за избор на
I

Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје

Сите кандидати за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во член 61, член 62 и член 63 од Законот за Јавното обвинителство (Сл.весник на РСМ бр. 42/20), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

1. За Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција , може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку шест години како јавен обвинител до моментот на пријавување за именување и кој е со позитивна оценка во последните три години.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар, уверение да е државјанин на Република Северна Македонија, уверение за неодземена деловна способност (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж, диплома или уверение за завршен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит, Уверение за завршена Академија за судии и јавни обвинители, во оригинал или заверено на нотар, да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на Бул. "Крсте Петков Мисирков"бр.1, 3 спрат во рок од 15 дена од објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

2. Изборот за Основен јавен обвинител на на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје ќе се спроведе на ден 28.10.2026 година во период од 08:00 до 16:00 часот.

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот
Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-86/1
Скопје, 18.08.2026 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Башким Бесими**